# ТАВОР

Списание на Кумановско-осоговската епархија
**Година IV • Број 11**
**2016**



Мудреците, персиските цареви, откако јасно дознаа дека на земјата се роди Царот Небесен, од ѕвездата светла водени, дојдоа до Витлеем, носејќи дарови избрани: злато, ливан и смирна; та паднаа, и се поклонија, во пештерата гледајќи Го Вечниот Кој како Младенец лежеше.

*Од вечерната богослужба во Неделата по Рождество Христово*

ТАВОР • Четворомесечник на Кумановско-осоговската епархија на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија
Главен уредник: Митрополит Кумановско-осоговски г. д-р Јосиф
Редакција: Милан Јаковчевски, м-р отец Филип Станковски
Печати: „Нипонграфик", Охрид

*Корица:*
*Зимско зајдисонце во Воведенскиот женски манастир во Јарослав, Русија, фотографија.*

# ТАВОР

декември 2016 • година IV • број 11

## Литургиски круг

1 Мачеништвото на современите христијани
*Јеротеј Влахос, Митрополит Навпактски*

3 За празнувањето на Рождеството Христово
*Јован Фундулис*

9 На пат кон Витлеем
*Презвитер Антониј Христос*

12 Молкот на Јосиф
*Презвитер Василиј Калијакманис*

14 Три светители: Организатор, молитвеник и проповедник
*Протопрезвитер Андреј Ткачов*

## Веронаука за возрасни

17 Православна духовност, прва лекција: Светост
*Презвитер Алексеј Јанг*

21 Буквар на семејниот живот, прва лекција: Да се стапи во брак
*Протопрезвитер Павел Гумеров*

27 Бегајте од блудот
*Архимандрит Тома Битар*

30 Како да го научам моето дете да се моли?
*Презвитер Андреј Чиженко*

## Детска читанка

33 Тројцата мудреци и ѕвездата

ПРОПОВЕД

# МАЧЕНИШТВОТО НА СОВРЕМЕНИТЕ ХРИСТИЈАНИ

Јеротеј Влахос, Митрополит Навпактски



Секој светител се празнува на денот на неговото упокојување, или денот на неговото маченишство, затоа што тој ден се смета за негов роденден, особена харизма. Св. Јован Златоуст маченишство го смета за харизма, што ја опишува како дух на сила, зашто човекот прима сила од Светиот Дух за да се жртвува себеси. „Кога го добива дарот на маченишство, се вели дека има дух на сила, односно, харизма“. И затоа што „добиеното е од Светиот Дух, харизмата се нарекува и дар“. Оттука, мачеништвото е харизма, дух на сила, дар. На овој начин христијанското мачеништво се разликува од секое друго себежртвување за некоја идеологија.

Ова правило важи и денес. Го славиме св. Андреј, кој пострадал во Патра на овој ден пред речиси дваесет века. Докази на неговото мачеништво се неговиот свет череп и благословениот крст на кој апостолот ја предал својата душа на Бога.

Сите апостоли биле измачувани, и своето мачеништво го сметале за дар од Светиот Дух. Само Евангелистот Јован се упокоил во длабока старост, без да биде измачуван, но тој го искусил мачеништвото на Голготата, кога заедно со Пресветата ја искусил болката Христова на Крстот. Следувале други милиони маченици.

---

*Беседа изговорена на празникот на светиот апостол Андреј Првоповикан, на 30 ноември 2015 година во соборниот храм на св. ап. Андреј во Патра, Грција.*

Маченииштвото, животот на маченииштвото е израз на љубовта Божја, е избраниште на Црквата и на автентичните христијани, наше учество во Тајната на Крстот и Воскресението Христово.

Еден древен сириски писател прашал: „Која жена би избрала да се омажи за распнат човек?“ Никој не го прави тоа. Но Црквата, Невестата Христова, Го љуби Распнатиот, Кој ѝ подарил крвава венчаница и прстен изработен од клинците од Крстот и животот на Воскресението.

Ова избраниште на Црквата е и нејзина слава. Крстот е „врв на богословието“, според св. Игнатиј Брјанчанинов, еден велик подвижник и руски епископ. Во подвижништвото, во богословието и во севкупниот црковен живот, на Крстот и Воскресението гледаме како на големо Таинство. До четвртиот век милиони маченици пострадале за Христа. Свештениот химнограф псалмопее: „Низ сиот свет пролеана, крвта маченичка е порфирен украс на Црквата“.

Но, Црквата денес сè уште искусува маченииштво и нејзините чеда се маченици; единствено начинот на маченииштво се менува секој пат. Ќе споменам три начина на кои Црквата и нејзините чеда денес примаат маченииштво.

На ***Западот*** и ***Северот***, Црквата страда од маченииштвото на секуларизмот (=посветовување). Секуларизмот е промена на црковниот живот во световен систем, отстранување на есхатолошкиот елемент од христијанството, при што христијанскиот идентитет е заменет од световната култура на среќа, себељубие и амбициозност. Апостолот Павле објавува: „Овде немаме постојан град, туку го бараме оној што ќе дојде“ (Евр. 13,14). А сепак, постојат христијани кои овде имаат постојан град, и единствено со него се идентификуваат. Некој еднаш рекол: „Да им ги оставиме небесата на птиците и свештениците. А ние ќе се занимаваме со земјата“. На крај, сепак, земјата ќе помине.

На ***Истокот***, Близок и Далечен, Црквата страда од маченииштвото на човекоцентричните религии кои уништуваат цркви и убиваат луѓе. На истокот, каде што христијанството се развивало дваесет векови, тоа сега исчезнува. На почетокот од 20. век, кога Средниот Исток бил ослободен од Отоманите, христијаните сочинувале 20% од населението. До пред неколку години, пред почетокот на граѓанските војни, тие беа 4%. А сега се уште помалубројни. Со човечка крв се обоени земјата, црквите и морињата. Древните гонења од првите векови на христијанството се повторуваат.

На ***Југот*** Црквата страда, покрај од сето она што насекаде се случува, и од магија, глад и смрт. Оние што се враќаат од Африка ни кажуваат дека луѓето страдаат од маѓепсници, глад и болести што косат. И среде овие маченички искушенија, Православната Црква дарува сведоштво (=маченииштво) на победата на животот над смртта, триумф на Воскресението Христово. Токму ова го покажавме денес поклонувајќи се пред черепот на св. Андреј, и неговиот крст.

Но, иако маченииштвото е слава на Црквата, сепак е стигма за современото човештво, кое, и покрај неговата цивилизираност и обоготворување на човековите права, прифаќа или создава насилство, војни, уништување на животи, глад, давење во море, страдање и болка. Дозволува едни да бидат деца на поголем бог, а други на помал бог. Дозволува некои да распнуваат, а други да бидат распнати.

Но, ние денес ги целивавме черепот и крстот на св. Андреј, спомнувајќи си за мачениците од светот, за оние што биваат мачени, распнати, ранети, повредени, оние што се во потреби и во очај, и велиме: „*Бидете храбри, браќа! Се молиме и се надеваме дека еден ден изопаченоста и омразата на распнувачите, на оние што нив ги бодрат и толерираат, ќе престане*“.



# ЗА ПРАЗНУВАЊЕТО НА РОЖДЕСТВОТО ХРИСТОВО

Јован Фундулис

## Вовед

За неколку дена ќе го прославиме големиот христијански празник на Рождеството Христово. Уште еднаш Црквата пред очите на нашите души ќе го приведе настанот на раѓањето на Господа, и ќе нѐ повика заедно со пастирите и мудреците да Му се поклониме на новородениот Цар, и заедно со хоровите небесни ангели да го прославиме вочовечувањето на Богот на мирот и љубовта. „Слава на Бога во висините, на земјата мир, а меѓу луѓето добра волја“ (Лк. 2,14), ангелската химна на Рождеството, пак и пак ќе одѕвонува во нашите цркви. Во новороденото витлеемско Младенче ќе Го видиме нашиот роден Спасител, вочовечениот Бог. Во овој Младенец ќе го видиме избавувањето што „Тој го прати на Својот народ“ (Пс. 110,9), зашто во детското тело не е неразоткриен единствено Бог, туку и полнотата на нашето спасение, обновувањето и обожувањето на нашата распадлива природа, новото создание; човекот кој станува Бог, оваа тајна на нашето спасение и избавување.

Токму поради ова богословско значење, Божик, заедно со Пасха (=Велигден), претстсавува еден од двата пола околу кои се врти севкупната литургиска година. Пасха е кулминација на подвижните празници, а Божик на неподвижните празници. Божик

е митрополија на празниците, според св. Јован Златоуст, затоа што настанот што овој празник го празнува е неопходен за сите други спасителни настани за нашето спасение. Ако Христос не се родеше, немаше да биде покрстен, ниту ќе поучуваше, ниту ќе твореше чуда, ниту ќе страдаше, ниту ќе станеше од мртвите. Во самото Рождество Христово потенцијално е достигната полнотата на нашето спасение. Божествената и човечката природа се соединети во Христа. Исус Христос, Богочовекот, претставува жива икона и залог на идното возглавување на сите ствари во Христа.

## Историја на празнувањето на Божик

1. **Божик и Богојавление:** После сè што претходно кажавме, за очекување би било Божик да биде првиот празник на христијанскиот календар. Сепак, Велигден, и неговото повторување секоја недела, е многу постар празник од Божик. Празнувањето на Божик отпрвин се јавило заедно со празникот на Крштението Христово, и тоа меѓу гностичките еретички секти кон средината на 2. век, околу 6/19 јануари, во тоа време денот на зимската краткоденица. Сè до 4. век, Истокот на овој ден ги славел овие два празника под името Богојавление.

2. **Воспоставување на ден за празнување на Божик:** Точниот датум на раѓањето Христово не ни е познат од Евангелијата. Единствено во Евангелието по Лука имаме показатели (попис, патот на една бремена мајка, сместувањето во животинска штала, пастири што ноќе стражарат над нивното стадо), дека ова раѓање се случило зиме. Следбениците на гностикот Василид раѓањето Христово го лоцираат или на 20 мај, или на 19/20 април.

За првпат Божик, одделно од празникот Богојавление (кој отсекогаш се славел на 6/19 јануари), бил воведен во Рим. Празникот бил поставен на 25 декември, не затоа што било пресметано Христос би морало да биде роден на овој ден, туку поради истата причина поради која на Истокот 6/19 јануари бил одреден за датум на кој ќе се празнува Богојавление. Имено, 25 декември бил денот, според новиот календар, на зимската краткоденица. На овој датум паганите го празнувале раѓањето на непобедливото сонце, затоа што тој ден го означувал почетокот на растењето на денот, во што се гледала победата на светлината над темнината. На ваквиот пагански празник христијанската Црква мудро му го противпоставила раѓањето на Вистинската Светлина, или разумното Сонце на правдата, раѓањето Христово, Кој изгреа од Дева и го просвети родот човечки кој спиеше во темнина и смртна сенка. Оваа комбинација била толку успешна, што само за неколку години празнувањето на Божик се распространило речиси низ сиот христијански свет. Од Рим, празникот се проширил на Исток. Околу 376 година Божик се празнувал во Антиохија и Кесарија Кападокиска; околу 431. се празнува во Ерусалим и речиси во сите Источни Цркви, освен Ерменија.

3. **Божик и празниците поврзани со него:** Истовремено со ширењето на Божик, се појавил уште еден обид за негово историско оправдување. Претечата бил зачнат шест месеци пред Благовештението (Лк. 1,26). Врз основа на 25 декември (7 јануари), Благовештението морало да се случи девет месеци претходно, или, со други зборови, на 25 март (7 април), а зачнувањеo на Претечата на 23 септември (6 октомври). Таткото на Претечата бил свештеникот Захарија, кој влегол во Светилиштето за да принесе темјан,

и видел ангел кој го навестил зачнувањето на Крстителот (Лк. 1,9-11). Захариј станува првосвештеник и не влегува во Светилиштето, туку во Светињата на светињите во Ерусалимскиот Храм. А во Светињата првосвештеникот влегувал само еднаш годишно, на Празникот на искушувањето. Овој празник е поставен малку пред 23 септември (6 октомври). И на тој начин доаѓаме до истите датуми, но од обратна насока: 23 септември (6 октомври) е зачнување на Претечата; 25 март (7 април) е Богојавление (шест месеци од зачнувањето на Претечата); на 24 јуни (7 јули) е раѓањето на Претечата, а шест месеци подоцна, на 25 декември (7 јануари), раѓањето Христово.

4. **Развојот на празнувањето на Божик:** Христовото Воскресение, празник кој постоел пред да започне да се празнува Христовото Рождество, влијаел врз обликувањето на празникот на Рождеството. Во Ерусалим, во 4. век, како што можеме да прочитаме во Егериниот итинерариум (опис на поклоничкото патување на Егерија во Светата Земја), се служела вечерна Литургија налик на Пасхалната, од страна на Ерусалимскиот Епископ во црквата на Рождеството во Витлеем. После тоа, собраниот народ заедно со свештенството и Епископот литијно се упатувале кон Ерусалим, молејќи се со зборовите „Благословен е Оној Кој доаѓа во Името Господово“. Веднаш по пристигнувањето во црквата на Воскресението, се служела Литургија. Како што изминувало времето, така и влијанието што Велигден го имал врз Божик станувало поголемо. Во денешниот облик на богослужбите јасно можеме да го забележиме степенот и елементите на ваквото влијание, особено во периодот на претпразненството.

5. **Недела пред Рождество Христово:** најпрво била додадена една подготвителна недела пред Рождеството, наречена Недела на Светите отци. Под „отци“ не се мисли на отците на Црквата, туку човечките предци Христови по тело, особено на Авраам, началникот на еврејскиот род. Подоцна во мотивот на оваа недела биле додадени сите предхристијански праведници од Стариот Завет (Евр. 11,9-10, 32-40), без оглед на тоа дали се директни Христови предци или не. Евангелието што се чита во оваа недела го пренесува родословот Христов, што е запишан во првото поглавје од Евангелието според Матеј; во Апостолот, пак, се пренесуваат маките на овие старозаветни мажи кои „примија сведоштво (=мачеништво) преку верата“.

6. **Недела на праотците:** Ваквото проширување на празничната содржина на Неделата пред Рождество, и намерата да се развие подготвителен период, подоцна резултирало со разделување, да се изразиме така, на оваа недела и пренесување на дел од нејзиниот мотив во неделата што ѝ претходи. Така, биле одредени две недели на Светите отци и, со цел да се разликуваат, постарата била наречена Недела пред Рождество Христово, а поновата го зачувала старото име, Недела на Светите отци, со таа разлика што наместо Свети отци, сега ги празнуваме Светите праотци, со цел да не настане забуна со неделите на Светите отци од Вселенските собори. Евангелското четиво што се чита оваа недела говори за големата гозба во Царството Небесно, на која мнозина од Исток и Запад ќе дојдат да седнат со Авраам, додека синовите на свадбената одаја, Израелците, ќе останат надвор (Лк. 14,16-24).

7. **Претпразненство на Рождеството Христово:** Дополнително, во неделата пред Неделата на Светите праотци, односно третата недела пред Божик, е поместено претпразненство евангелско зачало, она од Десеттата недела на апостол Лука, кое се однесува на исцелувањето на згрбавената жена, „ќерката Авраамова“. На тој начин, цел декември е обоен со претпразненски обележја. Поточно, декември е посветен на Стариот Завет, на пророците и праотците Христови, т.е. на периодот на исчекување на Месијата. Затоа гледаме дека во календарот, св. пророк Наум се празнува на 1/14 декември,



*Црква на Рождеството Христово во Витлеем, каде според Преданието се родил Господ Исус Христос.*

пророк Авакум на 2/15, пророк Софониј на 3/16, пророк Агеј на 16/29, а пророк Даниил и трите момчиња на 17/30 декември. На Велигден му претстои пост. Исто и на Божик; на почетокот, само неколкудневен пост, но од 7. век имаме 40-дневен пост кој почнува на 15/28 ноември, налик на Великиот пост. (...)

## Празнување на Рождество Христово

Великолепната прослава на Божик, одондестраната Тајна на Христовото Раѓање, нè пренесува во светата Витлеемска пештера во Јудеа, каде Христос се раѓа од Дева, каде пастирите Му се поклонуваат, а мудреците Му принесуваат дарови како на цар, каде Беспочетниот добива почеток, а Словото се воплотува, каде ангелските славословија се слушнале за првпат, означувајќи ја зората на Новиот Ден, Богојавлението на Сонцето на правдата.

Верниците што ќе се изборат со нивната мрзеливост и рано наутро на Божик ќе појдат в црква, никогаш нема да ја заборават атмосферата на стравопочит среде великолепната Рождественска утрена богослужба. Одгласот на радосните песнопенија и благоуханието на темјанот во впечатливите православни храмови го креваат духот на човекот над просторот и времето. (...)

Учествувајќи во оваа прослава, човек не знае дали живее во модерно време или во времето на Византија, или дури во времето на Светата ноќ кога се случиле овие настани. Токму во ова се состои страшната Тајна на православното богослужение. Сегашноста, минатото и иднината се израмнуваат. „Денес" во божикната богослужба, Христос повторно се раѓа, како што беше роден и минатата година и истиот ден во минатото; и Тој ќе продолжи да се раѓа до свршетокот на времето, исто така како што беше роден онаа Божествена Божикна ноќ, во првата година од христијанскиот календар. Во таквиот контекст човек сфаќа дека Христос е „ист вчера и денес и во веки" (Евр. 13,8), и дека Црквата е Негово тело, вечно и безвремено, како и Него. Но и дека секој еден од нас не е сам, туку е член на таа свештена заедница на луѓе што одново се родиле во Христа, и дека оваа заедница не подлежи на трулежност и време, на вчера и денес и утре, туку постои во вечното и нетрулежно „Денес" во кое се радуваат поколенија на верници крстени и облечени во Христа.

Ова поколение на верници владее заедно со Христа, и ќе продолжи да владее, заедно со оние што притекнале кон Христа во минатото, и оние што ќе дојдат до Него во иднината. Тие никогаш нема да преминат, зашто царството Христово е „царство на сите векови, а владеењето Негово над сите поколенија“ (Пс. 145, 13).

## Попразненство или Дванаесетте божикни дни

1. **Од Божик до неговото Оддание:** Како и за Велигден, така и Божик имаме претпразненство и попразненство. Големиот Господов празник на Рождеството се празнува седум дена. На 26 декември / 8 јануари се празнува Соборот на Пресвета Богородица, Мајката Христова, а си спомнуваме и за бегството во Египет. На 29 декември / 11 јануари ги празнуваме Витлеемските младенци, пострадани од Ирод. Неделата што се паѓа во овој период е наречена „Недела по Рождество Христово“, и е посветена на Јосиф Обручник, Јаков, братот Господов (син Јосифов од претходниот брак) и на заедничниот праотец, св. цар Давид. За време на овој седмодневен период се пеат божикни тропари заедно со тропарите на светителите, и севкупната химнологија се повторува до 31 декември / 13 јануари, кога се обележува Одданието на Божик. (...)

2. **Празникот на Обрезанието на осмиот ден после Божик:** Празникот на Христовото Обрезание, според Мојсеевиот Закон, што е паралелен на Томина недела, се празнува на 1/14 јануари, осмиот ден од Рождеството Христово. Како што појавувањето на Господа пред Тома придонело за потврда на натприродниот настан на Воскресението од мртвите преку неверниот и воздржан ученик, така и обрезанието на осмиот ден и давањето име на Новородениот претставува печат и потврда на совршеното Воплотување Христово, на неизменливото вочовечување, на стварноста на надприродното вотеловување на Словото Божјо, на Неговиот влез меѓу луѓето преку обрезание и покорување на Законот.(...)



*Божествена Литургија на празникот на Рождеството Христово. Соборен храм „Св. Никола“, Куманово, 2015г.*

3. **Богојавление и Сретение - 40 дена после Божик:** празничниот период продолжува. Следи празникот на Богојавлението, со неговото препразненство и попразненство што продолжува до 14/27 јануари. А веќе следниот ден, 15/28 јануари започнува препразненски период што го најавува празникот на четириесеттиот ден од раѓањето Христово, празникот Сретение на 2/15 февруари. Со овој празник завршува божикното празнување; неговото оддание го отсликува одданието на Вознесението што се празнува 40 дена после Велигден. Христос, како 40-дневен младенец, влегува во Својот храм, во овоземното небо. Таму ќе биде пречекан и откриен преку пророштво од Стариот Завет, што ќе се исполни преку устата на праведниот Симеон и пророчицата Ана. Затоа што, Оној Кој беше објавен од пророците и се очекуваше да дојде, „светлината за просветлување на незнабожците и славата на Неговиот народ“, стариот и новиот Израил, дојде.

## Општ заклучок за празниците од божикниот циклус

Заедно со претпразненскиот период опишан претходно, Рождеството покрива речиси една петтина од црковната година. Ако знаеме дека празникот на Рождеството Христово е основа за повеќе неподвижни празници, како што споменавме, како на пр. Богојавление или Зачнување и Раѓање на св. Јован Претеча и Крстител, можеме да видиме колку е точно обележјето на овој празник како оска на неподвижните празници во севкупната црковна година. На Божик му е дадено соодветното долично место во литургиската година. Тој е втора Пасха, прв празник после Празникот, кој постепено се изедначил со Првиот, без притоа да се помеша со него.

Божик е бездруго празник на пророштвото на Стариот Завет. Тој е меѓа меѓу двата Завети. Стариот Завет го пророкува и се приготвува за доаѓањето Христово, и завршува со Неговото раѓање. Новиот Завет започнува од денот на Воплотувањето. „Голем е денот Господов, и многу страшен“, како што објавил пророкот Јоил (Јоил 2,11). На земјата и небото Бог им ги дал ветените надприродни знаци: „крв, оган и столбови од дим“ (Јоил 2,30). Овие знаци биле видени и прифатени од старозаветните пророци, предводени од Давид, но и од светите мажи од Новиот Завет, предводени од двајца членови на Светото семејство, Јосиф и Јаков. И сите тие притекнуваат, заедно со народот Божји, да го прослават исполнувањето на пророштвата, великата Тајна на Божественото Воплотување, откровиението на Јоиловите пророчки знаци: крвта, во знак на Воплотувањето на Божјото Слово, огнот на Божеството, и столбот од дим на Светиот Дух. Ова ни го објавува и поетот и богослов Анатолиј, во песнопенијата од утрената во Неделата после Рожеството Христово:

> Крв, оган и столбови од дим, се чудеса на земјата што Јоил ги провиде,
> Крвта за Воплотувањето,
> Огнот за Божеството,
> И столбот од дим за Светиот Дух,
> Кој до Дева дојде и светот го облагоуха.
> Велика е Тајната на Твоето Вочовечување,
> Господи, слава Ти!

# НА ПАТ КОН ВИТЛЕЕМ

Презвитер Антониј Христос



Празникот на Рождеството по плот на нашиот Господ Исус Христос, или Божик, е еден од најголемите христијански денови. Спаѓа во Господовите празници, кои се поврзани со настани од животот на Христос Господ. Заедно со Пасха, Рождеството е најславениот празник на Православната Црква.

На овој ден го славиме Воплотувањето на Бога Словото, кога Втората Ипостас на Светата Троица се симнала во светот. Бог стана човек, за човекот да може да стане бог, по благодат. Христос се симна од небесата на земјата, за човекот да го вознесе од земјата кон небесата. Христос дојде меѓу нас за да го спаси родот човечки, одново да го изгради разурнатиот мост на нашето заедничарење со Бога, да му ја врати на човекот првобитната и вистинска слава, да ни ја открие Божјата волја. Христос длабоко се смири Себеси за да нè воздигне нас, се роди во времето, за ние да го надминеме времето, и ја зеде нашата човечка природа, за да ја обожи. Поради сето ова ние славиме, се радуваме и празнуваме.

## Дванаесет свети денови

Во раните векови на Црквата, Рождеството и Крштението Христово се славеле заедно, на ист ден (6/19 јануари), под заедничкото име Богојавление. Кон средината на 4. век, празнувањето на Божик било префрлено на 25 декември / 7 јануари, додека на 6/19 јануари продолжило да се слави Крштението Господово. На овој начин биле воспоставени дванаесетте свети денови, односно периодот од 12 денови меѓу Божик и Богојавление, во кои се вклучени и празниците на Обрезание Господово и св. Василиј Велики на 1/14 јануари.

## Подготовка

Големото значење на божикниот празник, и почитувањето што христијаните му го оддавале, а под влијание на деновите на Великиот пост, довело до воспоставување на подготвителен период, за време на кој верните духовно би се подготвиле за „пат“ кон Витлеемската пештера. Овој четириесетдневен период е наречен Рождественски, или Божикен пост, и започнува секоја година на 15/28 ноември. Тропарите на нашите богослуженија нè потсетуваат дека сме навлегле во овој свештен период, дека духовно сме зачекориле на патот кој води кон умниот Витлеем, односно Црквата, во која Христос се раѓа за да го обнови секој оној којшто искрено верува во Него. На празникот Воведение на Пресвета Богородица во Храмот (21 ноември / 4 декември), ја пееме Божикната катавасија, во која на почетокот се вели:

„Христос се раѓа, славете Го; Христос
(доаѓа) од небесата, пресретнете Го!
Христос (е) на земјата, вознесете се;
пеј Му на Господа цела земјо,
и со веселие воспејте Го, луѓе,
зашто се прослави“.

А од денот на Одданието на Воведението на Пресвета Богородица (26 ноември / 9 декември), започнуваме со пеење на кондакот на Претпразненство:

Дева денес Го раѓа Оној што
постоел од секогаш и земјата
на Недостапниот пештера Му
принесува. Ангелите со пастирите
Го прославуваат, а мудреците со
ѕвездата патуваат; зашто заради нас
се роди Дете младо, Превечниот Бог.

## Пост

Христијаните постат четириесет дена, од 15/28 ноември до Бадник, односно 24 декември / 6 јануари. Во овој период ние не јадеме месо, млеко и јајца. Може да јадеме риба, освен, се разбира, во средите и петоците (исклучок е Воведението на Пресвета Богородица; на овој празник, ако се падне во среда и петок, повторно се благословува јадење на риба). Но, риба е дозволено да се јаде до 17/30 декември.

Внимавај: Бадник е, исто така, ден за пост, затоа што христијаните се подготвуваат за денот на Рождеството Господово, за учество во празничната Божествена Литургија. Оттука, ноќта во очи на Божик е особено важен период за вдахновеност и духовна припрема за утрешниот голем настан).

## Пост од храна и страсти

Секогаш треба да имаме на ум дека вистинскиот пост, во нашата Црква, не се состои единствено во воздржување од одреден тип храна, туку и воздржување од страсти и гревови. Св. Фотиј Велики вели: „Богоугоден е оној пост сочинет од воздржување од храна и одвраќање од многусловие, завист, омраза и други гревови. Оној што пости телесно, а не ги смирува страстите, личи на човек кој поставил величест-

вени темели на куќата што ја изградил, но дозволил во неа да живеат змии, скорпии и секакви отровни влекачи“. Оттука, нашата цел е еден духовен пост, избегнување на гревот и пазење на Божјата волја, за на тој начин да бидеме вотелотворување на љубов, проштевање и милост, но и да ревнуваме за здобивање на уште поголеми добродетели. На овој начин подобро ќе ги разбереме и сфатиме зборовите на св. Василиј Велики: „Вистинскиот пост е оддалечување од секое зло, од секаков грев, од секакви страсни помисли, од секакви нечисти желби.“

**Покајание**

Заедно со постот, во нашата подготовка за Божик го вклучуваме и покајанието. Искрено себеиспитување, признавање за своите прегрешенија, учество во Светата тајна Исповед - сето ова е потребно за достојно учество во Божикната Божествена Литургија. Навистина, добро е да се погрижиме и кон Светата Причест да пристапиме благовремено, а не во последен момент.

Подготвителниот предбожикен период ни нуди една прекрасна можност за добро да ја разбереме мизеријата што ја криеме длабоко во нашите битија, со цел да здобиеме смирен дух и самоконтрола, за умно да бидеме преобразени, искрено да се покаеме, и да се осмелиме да Го пресретнеме Господарот роден во Витлеем.

**Богослужби**

За време на четириесетте дена на духовна подготовка и исчекување на Божик, молитвите на верните и нашето учество во црковните богослужби имаат суштинска улога. За време на овие денови се слават многу празници, слави и светители, за на тој начин, преку вечерните и утрените богослужби, преку Литургиите, да се приближиме повеќе кон благодатта Божја. Истовремено, постои предание според кое во овие денови секојдневно се богослужи Божествена Литургија, со што ни се дава можност да бидеме будни, за постојано да сме во заедница и единство со Бога. Се богослужат т.н. „Четириесет Литургии“, една навистина единствена можност во годината за верниот народ да може да доживее духовна обнова, будност и светост.

ОНОЈ ШТО ПОСТИ ТЕЛЕСНО, А НЕ ГИ СМИРУВА СТРАСТИТЕ, ЛИЧИ НА ЧОВЕК КОЈ ПОСТАВИЛ ВЕЛИЧЕСТВЕНИ ТЕМЕЛИ НА КУЌАТА ШТО ЈА ИЗГРАДИЛ, НО ДОЗВОЛИЛ ВО НЕА ДА ЖИВЕАТ ЗМИИ, СКОРПИИ И СЕКАКВИ ОТРОВНИ ВЛЕКАЧИ

Значи еве го, пред нас е патот кон Витлеем. „Дојдете, верни, да видиме каде Христос се раѓа“, пееме в црква. Да го следиме советот на нашата Мајка Црква, и соодветно да се подготвиме во деновите што ни служат, за достојно да Го славиме „Постариот од деновите, Кој Младенец станува поради нас, зашто Оној Кој на Престол Небесен на височините седи, во јасли се положува, Оној Кој ги раскина оковите на гревот во повој сега се повива, оти таква е волјата Негова.“ (Св. Јован Златоуст)



# МОЛКОТ НА ЈОСИФ

Презвитер Василиј Калијакманис

а. Ако е точно дека молкот е јазикот на светот што доаѓа, тогаш праведниот Јосиф Обручник е човек од времето што доаѓа. Во Евангелијата не е запишан ниту еден од неговите зборови, не е споменат ниту еден негов разговор. Само неговите помисли и дела се опишани. Тој ѝ пристапува на Тајната на неискажливото снисходење на Синот и Словото Божјо со восхитување, набљудување и молчење. И кога го обзема сомнеж, со мака причинета од неподнослива болка на умот, тогаш небесата проговоруваат.

б. Но, да почнеме од почеток. Јосиф бил избран на прагот од неговата старост да биде заштитник и пазител на Дева Марија. За време на веренииштвото, пак, таа била бремена од Духот Свет. Ова предизвикало сомнеж кај него и тој сметал дека таа го изневерила. Според авторот на Акатистот, *Исполнет од бура на помисли, целомудрениот Јосиф се збуни*.

в. Оваа негова бура на жив и потресен начин е препеана од еден друг тропар што се пее на Првиот час на Рождеството Христово:

> Јосиф на Дева ѝ велеше: „Марија, што е тоа што гледам дека се случи со Тебе? Збунет сум, и зачуден, и умот ми е поразен; што поскоро оддалечи се

тајно од мене. Марија, што е тоа што
се случи со Тебе? Место чест - срам,
место радост - тага, место пофалба,
прекор ми донесе. Оние што ме фалеа, ќе ме ругаат. Не можам да ја поднесам осудата од секоја страна. Од
свештениците од храмот Господов
како непорочна те зедов, но што е ова
што сега го гледам?

**г.** И покрај неговите помисли, Јосиф не сакал јавно да ја понизи Марија, оти бил набожен и праведен. Одлучил неформално да ја раскине веридбата. И тогаш ангел Господов му се јавил насон, и му рекол: „Јосифе, сине Давидов, не бој се да ја примиш Марија, жената своја, зашто зачнатото во неа е од Светиот Дух; Таа ќе роди Син и ќе Му ставиш име Исус, зашто Он ќе го спаси народот Свој од неговите гревови“ (Мт. 1,20-21).

**д.** Јосиф бил исклучителна личност, зашто го следел патот на срцето, а не строгоста на Законот. Наречен е праведен, иако не се држел до стариот Закон, туку го надминал, придонесувајќи во делото на благодатта. Станал служител на Новиот Завет, не по буквата на Законот, туку по Духот Божји, - „зашто буквата убива, а Духот оживотворува“ (2Кор. 3,6). Значи, христијанската правда е над и отаде границите на секој буквализам на Законот.

**ѓ.** Евангелските зборови се живи и делателни, и се поостри од меч со две острици; тие продираат длабоко и ги судат мислите и намерите на луѓето (сп. Евр. 4,12). Молкот се покажал како спасителен. Не молкот поради вина, туку молкот роден од просто, чисто, широко срце, од безусловно послушание пред Божјата волја. Во случајот на Јосиф, молкот бил придружник на чудото на Рождеството Христово.

**е.** Во денешното време на брборење, многусловие, па дури и зајакнато ширење на црковни термини, речиси е невозможно да се процени вредноста на молкот. Уште потешко е, во денешното рационалистичко време, некој да му пристапи на Божественото Рождество на начинот на кој Јосиф му пристапил. Но, тој ги надминал стегите на човечкиот разум, и го очистил срцето како снег бело, едвај вкусувајќи го „со срцето“ присуството на Искупителот „Кој осиромаши заради нас“.

ЈОСИФ БИЛ ИСКЛУЧИТЕЛНА ЛИЧНОСТ, ЗАШТО ГО СЛЕДЕЛ ПАТОТ НА СРЦЕТО, А НЕ СТРОГОСТА НА ЗАКОНОТ.



БЕСЕДА

# ТРИ СВЕТИТЕЛИ: ОРГАНИЗАТОР, МОЛИТВЕНИК И ПРОПОВЕДНИК



Протопрезвитер Андреј Ткачов

Толку често Василиј, Григориј и Јован ги спомнуваме заедно, што станува тешко за нив да се размислува одделно. Воедно, тие се како Петар и Павле, во многу аспекти видливо противречни. Откривањето на овие противречности не го нарушува, туку напротив, го истакнува единството што им е дадено во Духот Свет и кое така органски влегло во свеста на Црквата.

Во овој мал собор на светители, сепак, главното место може да му се даде на Василиј. Сето она што го имаат Григориј и Јован, го има и тој. Тие се борци против ереси

- и тој е; тие се истакнати проповедници на Логосот - и тој е. Храбар дух, љубов кон пустината, скромно секојдневие, длабоко поимање на догмите - сето ова и уште многу повеќе е заедничко меѓу овие отци. Сите тројца потекнуваат од свети семејства. Нивните мајки, татковци, браќа и сестри творат цели созвездија на личности што зачудуваат со својата светост. Меѓутоа, Василиј се одликува и со најголем степен на самодисциплина. Василиј е организатор, што не може да се рече, или пак, многу тешко би можело да се рече и за Григориј и Јован. Каде и да пошол, Василиј после себе оставал строга хиерархија и поредок. И самиот, несомнено, бил харизматична личност, но во црковната пракса ни одблизу не се ослонувал само на силата на личниот впечаток и духовните дарови. Василиј насекаде воведувал дисциплина и устав, закон и организација - со еден збор, ред. А во тоа време состојбата во Црквата била налик на ноќна битка во која секој стрелал кон своето и туѓото, без да гледа или да сфати нешто.

Василиевиот ум и знаење му дале можност да стане научник, волјата и строгоста го направиле вистински монах, налик на Антониј. Меѓутоа, тој ги жртвувал сите таленти во борба за Црквата. Длабоко ја закопал душевната благост, за да стане непобедлив и само тајно, како неговиот другар Григориј, можел да тагува по мирниот живот, по пустината и осамувањето. Ретко кој може да разбере што значи кога човек, љубејќи го Писмото и тихувањето, се жртвува самиот себе и се впушта во арената за борба за Црквата и нејзините догми, немајќи мир, ризикувајќи го животот, согорувајќи секојдневно.

Јован е сосем поинаков, а уште повеќе од овие двајца се разликува Григориј. Јован е миленик на народот и негов водач, но тој е надвор од системот. Епископите не го љубат, и тоа не само еретиците. Царскиот двор е избезумен од неговите зборови и разобличувања. Позади себе, Златоустиот остава име, слово и сеќавање, но не и организација, не остава борбено устројство. После неговото прогонство, неговите пријатели и најблиски соработници паѓаат во немилост и стануваат жртви. И ова не е прекор, туку истакнување на разликите, зашто во Христа секој војник се бори онака како што знае.

Григориј е созерцател. Секако, тој живее меѓу луѓето и го поучува стадото, зашто е носител на најголемиот призив. Но, призивот му е тежок, тешко му е она што со копнеж го бараат луѓето недостојни на нивниот призив. Епископскиот омофор станува причина поради која Григориј му се лути на Василиј. Василиј, пак, сѐ - дури и пријателството, потчинува на интересите на Црквата и всушност го принудува својот другар да стане архипастир во тешките моменти за Црквата. Како проповедник, Григориј помалку поучува и говори, одошто пее. И токму поради милозвучноста на неговите поуки, што Црквата ги нарекува „пастирска лира", заблудените луѓе се враќаат во дворииштето на Црквата и стануваат православни.

Василиј нема слободно време. Григориј во слободно време пишува стихови. Јован ги толкува посланиците на св. ап. Павле, а апостолот на народите и самиот му се јавува, за да му ги објасни сложените места во своите посланија. Тешко е човек да најде тројца луѓе кои се толку малку слични еден на друг, психолошки гледано.

+++

Конфликтот што го обединил споменот на тројцата светители е мошне разбирлив. Луѓето се кадарни сѐ, па дури и најсветото, да го претворат во предмет на препирка и кавга. Коринтјаните се карале, велејќи: „Јас сум Павлов, а јас Аполосов" (1Кор. 3,4). Тогашните христијани започнале спор кој од овие светители е најголем и најславен. Маката е во тоа што при засебната анализа на секој посебно, секому, без сомнеж, може да му се даде првенството. Разгледувајќи го животот на Василиј (а

секој од нас е должен да го стори тоа), вдлабочи се во него и ќе воскликнеш: „Велик е Василиј! Кој, меѓу светиите, му е сличен?!“ Но, веднаш потоа започни да го анализираш ликот на Јован, и набрзо со вчудоневиденост ќе речеш: „Нема сличен на Јован!“ А, доколку со внимание ги читаш словата на Григориј и во молк ги разгледаш смерните црти на овој човек со небесен ум, ќе заборавиш на сите што пред него ги фалеше, велејќи: „Моли Го Бога за мене, о прекрасен Григорие!“ Меѓу нив нема поголем. Нема, затоа што се различни. Во красноречивоста и прецизноста нема човек што може да се спореди со вториот Богослов. А во ревноста за славата Божја, покрај Златоустиот може да застане само Илија Тесвиќанецот. А Василиј не е само борец, и аскет, и мудрец, туку и патеводител на монасите. Тој е војсководец што може да ги собере расеаните борци и да ги претвори во војска. Сите тројца се велики, а велики се на различни начини.

+++

Во сите времиња, Црквата треба да има и организатори, и пламени говорници, и тивки созерцатели. Тешко на Црквата и народот Божји ако во некоја епоха недостига некој од овие тројца. А тројно потешко ќе ѝ биде на Црквата, ако нема ниту еден од нив! Тогаш, позади вообичаената и убава надворешност се засилуваат и множат лути болести, и нема кој да ги исцели.

Секој човек кого што Бог го поставил во свето звање треба да проба кој од овие три таленти најмногу одговара на неговиот душевен склоп и опит. Не е возможно ништо од веќе споменатото, макар на некој начин, да не се однесува на еден пастир. Меѓутоа, комбинацијата од сите три дарови во еден човек не е возможна!

Проповедник, организатор, повлечен молитвеник. Скротител на народното море, син на битката и син на молитвената тишина. Едно од овие три.

+++

Ако човек командува со другите, одлучува и управува, нека се угледа на ликот на Василиј Велики. Тој не треба да управува претворајќи ги сите пет прсти од десната рака во показалец, туку треба да стекне различни знаења, како што правел Василиј. Треба да ги возљуби постот и книгите, во осаменост треба да црпи сила за борба за Вистината среде луѓето.

Ако човек проповеда во време и во невреме, како што заповедал апостол Павле, нека ги избегнува трпезите на празнословието и додворувањето на богатите, како Златоустиот. Кон читањето и проповедта нека додаде пламено литургисување и обилна милостина, налик на великиот отец и сѐ нека жртвува за неговата уста да биде уста на Логосот.

Ако човек ја сака осаменоста, ако сака долги молитви и безволно го одвојува умот од небесата заради овоземни работи, нека се угледа на Григориј. Колку и да страдал, ако ѝ бил потребен на Црквата, тој ја оставал пустината и доаѓал на катедрата. Го занемарувал своето заради заедничкото и одел да труби во сребрените труби на проповедта, за да паднат дебелите јерихонски ѕидови.

Барем едно нешто, па нека е и во најскромна мера, треба да има секој човек што носи ленен ефод. Можеби, токму во обновувањето на сеќавањето на оваа вистина се состои главната смисла на заедничкото почитување што Црквата им го укажува на Василиј, Григориј и Јован.

ДУХОВНОСТ

# ПРАВОСЛАВНА ДУХОВНОСТ: СВЕТОСТ

Презвитер Алексеј Јанг



Доколку сакаме да говориме за светоста, треба да говориме за светителите, кои ни се најдобри примери за светост. Поради тоа, мора уште на почетокот да кажеме дека нема светител надвор од Црквата. Секако, постојат извонредни луѓе - на пример, мајка Тереза, но православното поимање на светоста е ограничено во рамките на Православната Црква.

Предуслов за светоста е исповедање на православната вера. Лошото богословие го спречува нашето приближување кон Бога. Нè успорува и ни попречува целосно да појдеме по Него, додека автентичното учење ни го осветлува патот кон Бога[1]. Св. Теофан Затворник вели дека лажеучењето (=ереста) може да заврши со длабока внатрешна тага и емотивна болка.

1 Меѓу учењата на пустинските отци сместено е и следното сведоштво за авва Агатон: „Едни монаси дојдоа да го видат авва Агатон, откако слушнаа за неговиот дар на распознавање на духовите. Сакајќи да го искушаат и да видат дали ќе го изгуби смирението, му рекоа: 'Ти ли си тој Агатон, блудник и горделивец?' 'Да, точно е, тој сум.' Тие продолжија: 'Ти ли си тој Агатон што постојано брбори?' 'Тој сум.' И пак му рекоја: 'Ти ли си тој Агатон, еретикот?' 'Не сум еретик.' Дури тогаш го прашаа зошто ги прифати сите клевети, но ја одби последната, а тој им одговори: 'Првите две клевети ги прифатив, за да види корист душата моја од смирението. Но, ереста е одделување од Бога. Не сакам да бидам разделен од Бога.' Слушајќи го ова, тие се воодушевија на ова негово расудување, и поучени, си заминаа.“

Светител не е просто човек што се стекнал со добродетели, или човек што завладеал со себе преку аскетизам, туку човек во кого Самиот Христос живее. Светоста значи поседување на потполно природен однос со Бога. Светител е оној што на ниту еден начин не е одделен од Христа. Светителот минал низ фазите на покајание и очистување, за да стекне една забележлива состојба на единство со Христа. Ова е православното учење за обожението. Целта на нашиот живот е соединувањето со Христа.

Групите за себепомагање и себеподобрување се крајно бесмислени ако човек сфати дека, на крајот, сепак ќе умре. Како што често сакаше отец Серафим да ме потсети - сè ќе помине, освен Исус Христос. Штом вистински ќе се соочиме со оваа реалност, смртната реалност, тогаш многу нешта што претходно сме мислеле дека се важни, одат во заден план.

Но, смртта е надмината. Смртта е преобразена.

Се чувствуваме несвето и недостојно кога на Литургија слушаме дека „Светињата е за светиите!", но Црквата го сфаќа ова и одговара: „Еден е Свет, Еден е Господ, Исус Христос, во слава на Бога Отецот. Амин." Поради Овој Еден Свет, ние имаме надеж. Од Него извира сета светост.

Преку Крштението и Миропомазанието влегуваме во заедница со светителите, во еден нов начин на живеење, размислување, гледање, слушање, вкусување и допирање. Се вбројуваме меѓу оние што Го барале и Го нашле Христа, и го чуле ова: „Јас Сум".

Светителите се унижиле себеси со зачудувачко смирение. Тие не се умислувале себеси, а ние, кои не сме светители, понекогаш се преправаме дека сме свети и праведни, и затоа ги унижуваме другите, додека вистинскиот светител би направил ние, никаквите, да се чувствуваме љубено. Околу отец Серафим секогаш имаше едно чувство на спокојство и мир. Проблемите се решаваа во негово присуство. Отец Серафим секогаш го прифаќаше човека таков каков што е, но знаеше и да разобличи некого, ако тој некој се преправаше.

Мора да се бориме, да се каеме, да просиме милост, да се поучуваме во трпението, да ревнуваме да имаме повеќе љубов и смирение, итн. Правејќи го сето ова, нешто започнува да се случува во нас - започнуваме да сфаќаме дека во нас има спокој што не е од нас. Ова е почетокот на обожението. Во Евангелието според Јован, Христос вели: „Кој верува во Мене, од неговата утроба ќе потечат реки од жива вода" (Јн. 7,38). Започнува со капка, а потоа реките течат низ целото наше битие.

Кога се приближуваме до некој светител, ние чувствуваме дека тој нè љуби и не сака да нè искористи. Светителите се мали христоси. Ако оствариме однос со еден светител, просејќи ги неговите молитви, ќе забележиме еден зачеток на топлина, и чувство дека светителот е присутен и нè слуша.

Св. Григориј Палама пишува дека Бог и Неговите светии ја имаат истата слава и светлина, зашто Бог благоволил да ја сподели со нас. Светителот нè потсетува дека Бог нè љуби, и дека сите ја имаме силата да бидеме љубени од Христа. Можеме да се вратиме и да Го најдеме Бога, но ако Го напуштиме, тогаш стануваме робови на себељубието што нè уништува нас, и оние околу нас[2]. Светителите се нашата осуда.

---

2 За себељубието може да се каже дека е корен на сите гревови, бидејќи токму себељубието и самоволието ги наведоа Адам и Ева кон гревот. „Кога човек сака да живее според својата, а не според Божјата волја, во него, поради самоволието, се раѓаат страсти", пишува о. Даниел Сисоев.



*Собор на сите светители, икона.*

Човекот обземен од себељубие наскоро ќе стане роб на сите страсти, гревови и искушенија. Едно по едно тие ќе се вселат во него. Решението ни е дадено преку светителите, а тоа е - да живееме за Христа, а не за себеси. Само тогаш ќе станеме вистински луѓе. На вистинско богословие се учиме во присуство на светител којшто претставува јасна икона Христова пред нас. Св. Јован Дамаскин говори за светителите како за полнота на благодат што не заминува при смртта, и оттука, имаме мошти, и икони, и други духовни „сведоштва“. Бог почива во Неговите светии.

Преку светителите кои пламтат од љубов кон Бога може да разбереме Кој е Бог и кои сме ние самите. Тие се потсетник за нешто непрестајно, неодминливо. Бог не може да мрази, Бог не може да се лути. Бог единствено љуби; и, доколку не ја достигнеме оваа состојба на љубов, Бог ќе биде нашиот пекол. Митрополитот Јеротеј вели дека контактот со светителите го открива повреденото дете во нас.

Но, како да ги доживуваме светителите? Недоволно е само да се молиме за нивно застапништво. За да оствариме подлабок, познаваен однос со еден светител, треба да го следиме на некој начин - да имаме покајание и свест дека самите не сме способни да твориме духовни дела. Смирението е почеток на едно вистинско поимање на стварноста - односно, дека за да стигнеме до Бога нè чека долг пат.

Постојат шест „категории“ на светители, или шест видови на светост, набројани според нивната релативна важност за Црквата:

**Апостоли:** нивното учење е основа на Црквата.

**Маченици и исповедници:** тие ни се пример за највозвишена жртва.

**Пророци:** тие го прорекле Христовото доаѓање.

**Јерарси и учители:** тие го запазиле единството меѓу верните; во нив се вбројани, на пример, св. Јован Дамаскин и св. Никодим Светогорец.

**Преподобни (монаси):** умреле во мир и молитва за светот.

**Праведни:** стекнале светост во светот, пазејќи ги заповедите и учествувајќи во литургискиот живот на Црквата; на пример, такви се Авраам и Сара, Јоаким и Ана, св. Јосиф.

Св. Козма Етолски вели дека мачениците се во рајот поради нивната крв, а монасите поради нивниот подвижнич-

ки живот. Тогаш, како ние, што раѓаме деца во брак, ќе влеземе во рајот? - Преку гостољубие, помагање на сиромасите, слепите и инвалидите (како св. Јоаким), преку милостина, љубов и пост ќе ги збогатиме нашите души и тела. Во зборот на праведните се сместени и јуродивите, кои ги криеле своите добродетели и го трпеле презирот од другите за да стекнат смирение и трпение. Сите овие патишта заедно се засновани на подвижништво и духовен труд - односно, подвижнички дух. Православниот светител е жител на Небото кој ни помага и ние да ја постигнеме истата цел.

**Прашање: Може ли поопширно да објасните што мислите кога велите дека нема светители надвор од православието?**

**Одговор:** На пример, има забележлива разлика меѓу Франциск од Асизи и православните светители. Франциск, затоа што имал стигми, многупати се идентификувал себеси со Христа. Ние не се поистоветуваме со Христа, туку веруваме дека Тој нè спасува. Ние се восредоточуваме повеќе на Воскреснатиот Христос.

Франциск се гледал себеси како посебен, издвоен од Христа, а православниот светител секогаш се гледа себеси како последен, полош од сите. Еднаш, кога Франциск бил болен, неговиот лекар му наложил да јаде месо, што било спротивно на правилата на францисканците. Франциск јадел месо, но потоа, кога пошол на пазар, се полеал со пепел и пред сите го објавил неговиот „грев“, гласно говорејќи каков никаквец бил. Нашите светители никогаш не привлекуваат толкаво внимание на себеси.

**Прашање: Може ли да објасните што значи тоа дека Бог не се лути?**

**Одговор:** Треба да паметиме дека Стариот Завет не е потполно откровение Божјо. Христа само еднаш Го гледаме гневен, кога ги гони трговците од Храмот, што е пример за праведен гнев, гнев поради почитувањето на Отецот. Стариот Завет е еврејска перцепција на Бога, слика на нивниот несовршен однос со Него.

**Прашање: Ако сме нови во православието, како да ги забележиме нашите искривувања?**

**Одговор:** Многу е важно да се читаат житијата на светите. Тоа треба да ни биде подготовка за Добротољубието. Отец Серафим препорачуваше луѓето да го читаат Дикенс, за да видат еден нормален живот, да им омекнат срцата. Во тие дела е покажано живо богословие. Исто така, можеме да гледаме и учиме од другите. Не мора да знаеме зошто правиме ова или она, но важно е да го правиме. Светоста се учи на дело. Читајте помалку богословска литература, а повеќе житија.

**Прашање: Може ли да се спореди и противположи западниот аскетизам и западниот светоглед со православието?**

**Одговор:** Општо земено, западниот аскетизам е цел сам за себе, а во православието, аскетизмот е средство за да се дојде до целта - Христос.

**Прашање: Дали светителите продолжуваат да растат во светоста после смртта, кога се соединети со Христа?**

**Одговор:** Да, иако за ова не знаеме многу. Она што знаеме е дека нашите молитви за упокоените се благотворни на некој начин - зашто тие не се во можност да се молат или да даваат милостина, па ние можеме да го правиме тоа во нивно име. Од ова се насетува продолжен раст и промена. И запомнете: човек не е светител сè додека умре - до смртта, во секој момент може да падне.



## БУКВАР НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

# ДА СЕ СТАПИ ВО БРАК

Протопрезвитер Павел Гумеров

Здраво, драги пријатели! Темата на денешната средба е одлуката да се стапи во брак. Честопати, како на свештеник, ми доаѓаат луѓе што сакаат за основаат семејство, и тоа мердува. Семејството е една од најубавите Божји творби. „Не е добро за човекот да биде сам“ (1Мојс. 2,18), вели Господ. Кога сакаме да основаме семејство и да стапиме во брак, ја исполнуваме оваа заповед.

Мислам дека секој човек што не сака да се замонаши, односно, да Му служи на Бога како монах, треба да размислува за основање на семејство. Но, честопати испаѓа дека луѓето не се способни да основаат семејство, и тука не зборувам за жени. Познато е дека жените се повеќе насочени кон семеен живот, и како по правило, желбата за основање семејство кај нив е посилна отколку кај мажите, особено во современиот свет - но, во Русија имаме повеќе жени одошто мажи. И, за чудо, не само што жените остануваат немажени, без можност да ја остварат брачната среќа, туку и мажите остануваат неженети.

Кај мене доаѓаат мажи од триесет до четириесетгодишна возраст, без видлива пречка за основање на семејство. Добро воспитани, успешни, со добар изглед, вредни, со добро образование... Но, велат дека не можат да се одлучат, не можат да ја најдат девојката со која би можеле да чекорат низ животот; или, едноставно, не можат да остварат комуникација со спротивниот пол.

Секако, за ова постојат различни причини. Човек би претпоставил дека мажи на возраст од триесет до четириесет години би требало да ги имаат исполнето сите услови и да ги имаат сите квалификации за основање на семејство. Но, честопати се случува причината поради која не можат да стапат во брак да биде внатрешна. На пример, мажот е внатрешно неподготвен за семеен живот, или неправилно го разбира семејниот живот. Можеби нема искуство, нема пример од родителите: бил одгледан од самохрана мајка, или татко му не посветил доволно внимание на семејството; можеби, пак, имало семејни конфликти или несреден семеен живот, што влијаело на тоа тој да не оформи правилна слика за тоа како треба да изгледа едно современо семејство. Се работи токму за таква незрелост за која зборува митрополитот Антониј Сурошки, автор на многу прекрасни книги за семејниот живот.

За жал, луѓето не сфаќаат што навистина е семејството - дека пред сè и над сè, тоа е служба; тоа е желба на другиот да му се даде твојата љубов: „Поблажено е да се дава, отколку да се зема“, како што се вели во Делата Апостолски. Тоа е мака што се трпи во име на друга личност - желба таа личност да ја направиме среќна, а не од неа да добиеме „проста женска / машка среќа“.

Општеството во коешто живееме, од мнозина се нарекува потрошувачко, хедонистичко. Сите ние сме насочени кон потрошувачка, кон забава. Луѓето што пораснале во непотполно семејство немаат опит во служење на другите: за нив сè се врти околу нив самите. Глава на семејството во кое овие луѓе растеле не бил таткото, ниту мајката, туку самото дете - и целиот семеен живот се градел врз неговиот живот. Затоа, таквиот маж ќе бара жена што ќе му служи токму на тој начин. Тој не ни помислува да ѝ служи на жената, или пак, воопшто не е заинтересиран за фактот дека бракот побарува сериозен труд.

Нашите разговори, се надевам, ќе им помогнат на луѓето да ја најдат семејната среќа, и одговорите на прашањата што им се важни во процесот на подготовка за семеен живот... И овие разговори, секако, се пред сè насочени кон луѓето што сакаат да основаат семејство, кои сè уште немаат основано семејство; но, сметам дека ќе бидат интересни и за брачните луѓе, за да можат да решат некои од горливите прашања и разлики што се појавиле во нивниот брачен живот.

## Најблиските

Што ни вели Библијата за основањето семејство? Веќе ја спомнавме заповедта „Не е добро за човекот да биде сам“. Оттука, семејството е Божја творба. Како што рекол блажен Август, „семејството е исечок, остаток од Рајот на земјата“. Знаеме дека не можеме да создадеме рај на земјата. Она што комунистите ни го понудија е утопија. И таквите напори вообичаено завршуваат во концентрациони логори: нужно ќе се појават луѓе што сакаат да живеат подобро, ќе стекнат нешто и ќе започнат да ги угнетуваат другите. Тогаш, зошто е поинаку во семејството? Затоа што семејниот живот не е изграден врз принципот на заедничко дело, ниту бизнис, ниту угнетување на еден човек од другиот, туку врз принципот на љубовта. Токму преку љубовта може да се најде рајот и

миротвo твојата душа, рајот во една семејна заедница.

Библијата, исто така, ни вели: „и двајцата ќе бидат едно тело... а Бог што составил, човек да не го разделува“ (Мт. 19, 5-6). Човештвото на почетокот било создадено како едно семејство, како дел од заедницата во кој човековите животи се изградени врз принципто на љубовта. Во бракот, тие треба да станат една душа и едно тело. Зошто во посланието до Ефесјаните, што се чита на Венчание, св. ап. Павле бракот го нарекува Тајна: „Ова е голема Тајна“ (Еф. 5,32)? Затоа што бракот, дури и да не е овенчан[1], туку да е само законски, секогаш е тајна. Замислете: двајца луѓе со различно воспитување, од сосем различни семејства (односно, по дефиниција не би требало да бидат во роднинска врска), маж и жена - вродено две многу различни битија се среќаваат и си стануваат најблиско, најнепосредно семејство - така што немаат некој поблизок одошто еден другиот! Нивната врска е поблиска отколку таа на дете со неговиот родиетл, зашто родителите и децата се роднини од прв степен, а мажот и жената во брак, сопругот и сопругата, се од нулти степен. Нема нешто поближно од ова. Дури и нашите секуларни, нецрковни закони, го имаат ова исто сфаќање кога велат дека сопругот и сопругата се најблиски роднини. Ова влијае врз, да речеме, наследното права и другите материјални права. А современите луѓе, за жал, честопати не ја разбираат тајната на ваквата блискост. Тие сметаат дека ако дечкото и девојката се сакаат еден со друг, дека тоа е доволно, дека не се потребни формалности за да започнат да живеат заедно, дека „оваа љубов е и повеќе од доволна за нас“, дека исто е како да се во брак. Не, тоа не е брак и тоа не е семејство, зашто семејството започнува кога двајцата ќе станат едно, полнота, најблиски, најсродни, еден пред друг, пред Бога, пред законот.

## Кога не е возможно да се стапи во брак?

Кои се пречките поради кои не може да се склучи брак? Навистина, не секој човек може да основа семејство, и тоа не поради причините за кои говорев на почетокот, туку поради неспособноста за брачен живот.

Најпрво, пречка за склучување брак е веќе постоечки брак. Мажот што е венчан не може да основа друго семејство: тој не е слободен. Полигамијата не е дозволена со закон, овде во Русија - па дури и во традиционално муслиманските предели е противзаконска. Семејство може да се основа само со една личност.

Потоа, има правила што важат за христијаните. Мнозина, особено многу девојки, сакаат да се венчаат со маж од друга вера - од друга христијанска заедница, па дури и друга вера, на пример, со муслиман. Често наидуваме на вакви проблеми. Правилата на Црквата категорично ги отфрлаат ваквите бракови. На пример, 72. Канон од Шестиот вселенски собор вели дека невозможно е христијаните во брак да стапат не само иноверни, туку и со хетеродоксни христијани, односно, христијани што исповедаат некаква ерес (римо-католици, протестанти, монофизити и сл.). Сѐ до времето на Петар Први, во Русија никој не можел да биде венчан со хетеродоксен сопружник - ниту со католик, ниту со протестант или било кој друг неправославен христијанин. За време на Петар „прозоре-

1 Венчан, односно овенчан брак - се мисли за брак којшто е благословен од Црквата, преку Тајната Венчание, при што на главите на идните сопружници се положуваат венци (оттука и самиот збор „венчавка“ или „венчание“. Венците го симболизираат мачеништвото, односно заедничката жртва што двајцата ветуваат дека ќе ја направат.

цот кон Европа“ бил широко отворен, и поплава од странци се излеала во Русија да работи и служи, со што се јавил проблемот на мешани бракови. Се поставиле посебни услови при кои се дозволувало да се изврши венчавка на ваквите парови. Какви услови? Сопружниците требало да се венчаат единствено во православна црква, а децата требало да бидат воспитани во православното предание, дури и во случај сопругот - главата на семејството - да бил, еве да речеме, лутеранец. Повторувам, ваквите бракови се појавиле во 18. век.

Која е возрасната граница за стапување во брак на православните христијани? Пропишаната од државните закони. Кога човек ќе доспее до возраста на која државата му дозволува да се венча, тој или таа може да се венча. Во 1830 година Светиот Синод на Руската Црква усвоил документ според кој мажите можеле да стапат во брак на 18, а жените на 16 години. На Кавказот оваа возрасна граница била малку поинаква.

Сродството е, исто така, пречка за стапување во брак. Категорично е забрането стапување во брак по директна, вертикална линија: родители со деца или внуци итн. Што се однесува до хоризонталните врски: браќа, сестри, чичковци и тетки, внуци, братучеди, втори братучеди итн. - забрането е да се стапи во брак со луѓе со кои сме до четврти степен на сродство. Ако станува збор за петти степен на сродство, вообичаено се зема благослов од епархискиот архиереј, и парот може да се венча. Но, сето ова е од мала важност во современите градови. Ваквите фамилијарни врски се почеста пречка во руралните области, каде роднините живеат близу едни до други. Што се однесува до духовното сродство, во кое влегуваме станувајќи кумови на крштение... Ваквите односи, исто така, ги поврзуваат луѓето, и при некои случаи бракот не се дозволува. На пример, ако еден маж стане кум на детето на една жена, и доколку таа остане вдовица, тие не можат да стапат во брак. Иако не се во крвна, ниту брачна врска, тие двајца се поврзани преку духовна врска.

Неспособноста, предизвикана од болест, е исто така пречка за стапување во брак. Доколку мажот, поради физиолошка болест не може да ги исполни правните должности (бракот не е само духовна, туку и државна работа), тој не може да стапи во брак. Истото важи и доколку има некаква физичка попреченост за брачниот сопружнички живот. Тука не зборуваме за неможноста за создавање потомство (=стерилност), затоа што тоа не е единствената цел на бракот, туку имено за неспособноста за остварување брачен соживот.



*Светото царско маченичко семејство Романови, фотографија.*

## Постари, помлади...

Што се однесува до разликата во годините меѓу невестата и младоженецот, каноните не се осврнуваат на тоа. Браковите, како што знаеме, се склучуваат меѓу различни возрасни групи; но, говорејќи од моето искуство како свештеник, мислам дека најдобра е ситуацијата кога брачните другари не се ниту врсници, ниту со разлика поголема од пет години, особено ако мажот е тој што е пет години постар.

Ако жената е пет години постара од мажот, постои напнатост што може да има различни негативни последици. Познато е дека мажите стареат поспоро, а нивните репродуктивни моќи траат многу подолго. Кога постои разлика во годините од, да речеме, десет или петнаесет години, додека се млади, не би требало да има проблем. Но, како што минуваат годините, се јавуваат сè поголеми искушенија, та луѓето што не се духовно силни, па дури и силните, може да се препнат на ова. Секако, оваа возрасна разлика не е забранета, но препорачливо е да се избегнува.

## Што треба да се има на ум?

Сега сакам да се префрлам на неколку најчести прашања поврзани со стапувањето во брак и основањето семејство.

**Што треба да е најважно при одлучувањето да се стапи во брак? Не е ли ризично претерано да се рационализира околу брачните прашања? На крајот на краиштата, ако размислуваме, мериме и премеруваме сè однапред, тогаш му доаѓа како да купуваме некој предмет, на пример, мобилен телефон, па споредуваме опции, функции, цени и квалитет?**

Секако, треба да се избегнува ваквиот пристап. Но, и да се стапи во брак само затоа што некој ни се допаѓа, дека ни е убаво со некого, дека има искри помеѓу нас, без воопшто да размислиме дали оваа личност ги има потребните квалитети за еден семеен живот, без да размислиме за тоа каков татко или мајка ќе биде - секако дека е недозволиво. Ова важи уште повеќе за кандидатите за свештенство, на пример.

Во богословијата имавме ваков пример: еден од помладите богослови одлучи да се ожени со неговата девојка, а неговите колеги мислеа дека девојката не е подготвена да биде сопруга на свештеник, попадија, и сите заедно го посоветуваа да не избрзува со одлуката. Сепак, тој не ги послуша и се ожени. Нивниот брак заврши тажно, затоа што за недолго време тие се разведоа. Сега овој младич е во многу тешка ситуација - не може да се прежени, затоа што е ракоположен, а самиот не е виновен за разводот... Затоа, тој не стана свештеник, остана во ѓаконски чин.

Кои особини треба да ги посакуваме кај нашата идна втора половина? Спремност, како што веќе кажав, да се стапи во брак. Треба да внимаваме и од какво семејство потекнува. Дали нашиот иден брачен партнер има проблеми во односнот со неговите родители, и дали тоа може да се одрази врз нашиот брачен живот. Повеќе за ова ќе зборуваме при следната средба.

Но, секако, секој човек има свои критериуми за избирање на својот сопатник. Како умни созданија, со од Бога дарувам разум, сите ние треба сериозно да размислиме и да имаме ориентација што очекуваме од мајката или таткото на нашите деца.

## Вљубеноста не е љубов!

**Вљубеност и љубов - како да не ги помешаме? Дали е важно на почетокот да очекуваме искрена љубов?**

Ќе одговорам накратко: вљубеноста и љубовта, и покрај нивните надворешни пројави, се сосем различни чувства. Вљубеноста се проучува од медицината. Поради неа, поради нејзината еуфоричност, човек како да лета, како да има крилја, пеперутки во стомакот, и ред други телесни сензации... Дури и составот на неговата крв се менува. Да му покажете фотографија од неговата љубена, и во тој момент да му ја анализирате крвта, ќе ви стане јасно дека има покачени вредности на одредени хормони кои влијаат врз неговото однесување - допамин, серотонин, „хормонот на среќата“, тестостерон, а кај жените окситоцин. Ваквата хормонска слика се менува кај човекот, и прави тој да се чувствува еуфорично, слично како да е под дејство на наркотици. Доколку вака занесениот човек направи магнетна резонанца на мозокот, ќе ни стане јасно дека одредени центри во неговиот мозок функционираат сосем различно.

И секако, секој нормален човек ќе сфати дека во бракот - после десет/петнаесет/дваесет/педесет години, ситуацијата ќе се смени. Во бракот го имаме она што се нарекува љубов. Љубовта е чувство на единство со љубената личност, кога нивната болка станува наша болка, нивната радост - наша, кога сме подготвени да се жртвуваме за другата личност, кога не можеме да живееме без неа - но не затоа што ни е убаво да бидеме со неа, туку затоа што навистина сме спремни да се дадеме: затоа што поблажено е да се дава, отколку да се зема.

**Неопходно ли е да се венчаме во црква? Што ако бракот не успее, што реално е можно? Не е ли подобро да почекаме?**

Мислам дека за православните, одговорот е недвосмислен. Ова прашање го поставуваат паровите во кои едната личност не е воцрковена. Ако станува збор за православни христијани, тогаш нивниот брак треба да биде овенчан и благословен од Црквата - тоа е јасно. Но, ако едниот не е подготвен да биде венчан, тогаш, сметам дека не треба да го влечеме и да го принудуваме на тоа.




*Свети маченици Тимотеј и Мавра, брачни христијани, фреска.*

ПОУКА

# БЕГАЈТЕ ОД БЛУДОТ

Архимандрит Тома Битар



Добродетелите, како и пороците, се меѓусебно поврзани. Каде што е богатството на човекот, таму е и неговото срце (Мт. 6, 21). Ако срцето е целосно насочено макар и кон една единствена добродетел, тогаш не може, а да не се случи постепено да ги здобие и другите добродетели, зашто само на тој начин ќе може да ја сочува и првичната добродетел која му била драга.

Истото се случува и тогаш, кога срцето на човека е приврзано кон макар еден порок. Добродетелта привлекува добродетели, а порокот привлекува пороци. Ова не нужно значи дека штом некој човек има една добродетел, тој ги има и сите останати - секако, потребно е усовршување, а тоа е можно единствено со помош на Божјата благодат. Но, сепак, тоа значи дека во тој момент тој човек целосно и сериозно тежнее кон добродетелен живот, оддалечувајќи се од порочниот живот. Добродетелниот живот е посебен пат, каков што е и порочниот.

Можно е, како што и реално се случува, човек кој води добродетелен живот, одвреме-навреме да падне во грев. На ист начин, и човек што живее порочен живот е способен за добродетели. Природно, постојат и екстремни случаи на луѓе што живеат како без грев, и такви што не направиле ниту едно добро дело, но мнозинството од нас не сме такви. Гревот во кој паднал добродетелниот човек не е порок, а добрите дела на порочниот човек не се доблест. Во животот на добродетелниот, гревот е грешка. Секако, гревот води во смрт, но во овој случај, тој е последица на слабост, и неговите корени не се засадени во лошиот внатрешен живот. При ваков случај, човекот се кае и исцелува

преку исповед. Што се однесува до доброто дело направено среде порочен живот, колку и сјајно да е тоа, единствената вредност му е тоа што претставува можност за вистинско и длабоко преумување. Ако се случи преумувањето, тогаш доброто дело се засилува со искрено покајание; во спротивно, душата се враќа кон својата блуеница, а во добрите дела во иднина постепено ги сменува, зашто живеењето порочен живот ја отстранува наклонетоста кон доброто.

Според сето ова, еден човек не може да верува во Господа Исуса Христа доколку не ревнува макар по една добродетел. И токму во неа се пројавува неговата љубов кон Бога, преку неа делува неговата вера, оти верата е или делателна преку љубовта, или не постои. Со други зборови, верата без дела е мртва, како што можеме да прочитаме во Посланието на св. апостол Јаков (Јк. 2,7).

Бездруго, малото стадо Христово продолжува да живее, невидливо, во денешниот свет. Добротољупците, - макар и оние што ревнуваат по само една добродетел, стојат пред Господа, и само Тој ги знае, секого одделно. Доказ за нивното постоење е тоа што светот продолжува да постои! Тие се солта на земјата. Без нив, светот потполно ќе се расипе, и ќе настапи последниот суд. Но, да бидеме искрени - тие се навистина малубројни. Верата исчезнала во голема мера. Како го знаеме ова? Затоа што, во голема мера, љубовта е нападната во овој свет. Да - душевна, емотивна или интелектуална вера може да најдеме кај мнозина. Но, вера со делателна љубов денес е многу ретка! Малкумина денес го раѓаат плодот на Духот: радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верноста, кротоста, воздржливоста (сп. Гал. 5,22-23а).

Сигурни ли сме во ова? Секако! Како? Се разбира, не можеме да знаеме за секого посебно, освен ако благодатта не ни го овозможи ова, но со сигурност можеме да го тврдиме истото ако погледнеме на севкупното општество. Светот денес изгубил многу од својата љубов, а оттука, и од својата вера, и затоа е накажан со неплодност! Може ли нешто, што само по себе е неплодно, да зачне? Таков е нашиот свет, неплоден по љубов и неплоден по вера, зашто има еден порок што владее со срцата на луѓето, што насила ги држи заробени, едно такво силеџиство досега непознато во историјата, толку големо што луѓето ги прави неспособни да веруваат во Господа, или да Го љубат Христа. На што мислам? Мислам на делата на телото: блуд, нечистотоја и бесрамност (Гал. 5,19)!

Духот на блудот се шири во овој свет како чума! Секако, љубовта кон парите е застрашувачка, како и многуте други застрашувачки, раширени пороци. Но, најопасен и најстрашен од нив е блудот. Апостол Павле, во неговото Прво послание до Коринтјаните, вели дека секој грев, без оглед на тоа каков е, е понеопасен од блудот, зашто е надвор од телото, а блудникот „греши против своето сопствено тело“ (сп. 1Кор. 6,18). Најсериозен е гревот против своето тело, затоа што „телото е храм на Светиот Дух Кој живее во вас, и ви е даден од Бога.“ Ова значи дека блудот ја загрозува можноста човек да стане храм на Светиот Дух! Односно, преку блудот и неговото влијание на срцето на човекот, тој станува неспособен да верува во Духот и вистината, неспособен да љуби по благодат и на дело. Блудот го погодува срцето со неплодност, како што ветриштата ги погодуваат полињата со суша! Колку вреди човек чие срце не љуби? „Да зборувам на сите човечки јазици, па дури и на ангелски, штом љубов немам, ќе бидам бакар, што ѕвони, или кимвал, што ѕвечи“ (1Кор. 13,1).

Она што Измамникот го прави, за да го распали духот на блудот во светот денес, е ужасно. Ретко може да се најдат луѓе што не се победени од него. Светот денес е трагично прегазен од блудот. Медиумите и средствата за комуникација ревнуваат да го распространат, олеснат, подобрат ширењето и прифаќањето на блудот низ целата пла-

нета. Општествените науки на блудот не гледаат како на грев повеќе. И така, блудот денес стана (барем во умовите на мнозина) нешто како природна даденост, и следствено, општествена добродетел! Потребата за брак започна да исчезнува. Обликот и содржината на бракот станаа потрошувачки, како блудот! Исчезнува љубовта. Блудот, според сфаќањето на многумина, е љубов. Нема потреба од раѓање деца, гледаме сè помалку новороденчиња! Децата станаа товар. Домашното воспитување е расипано. Разводот е лесен и многу чест. Неверството стана природна потреба. Освен верниците, останатите луѓе го заменуваат бракот со партнерство. Свикнувајќи на блудот, душите се сè послаби да се борат, да се жртвуваат, да љубат! Семејната заедница денес е потресена. Развратот во сите негови облици стана општо правило во односите меѓу младите. Се шират перверзии во најразлични форми. Перверзијата е нешто нормално! Не само што перверзијата се прифаќа, туку и на нејзе се гледа како на нешто природно, па дури и легитимно во некои земји. „Тој е таков", ќе ви речат!

Сето ова не важи само за светот и световните. Многумина што се именуваат со името Христово паѓаат на истите нешта. Неверството е широко распространето, а перверзиите се сфаќаат како нормалност. И во двата случаи се кршат црковните канони. Со децата на Црквата завладеал духот на овој свет и духот на блудот. Во многу наврати, животот на Црквата се врти кон надворешните форми, празни зборови, ритуали, згради, световни планови... Малкумина се оние што го ценат значењето и вредноста на целомудрието кое, според Отците, е мајка на сите добродетели. И од мало помало малцинство го прифаќа целомудрието, трудејќи се да го следи! Целомудрието стана синоним на потиснување, нереалност, невротична и болна заостаната душа што не е во чекор со времето. Девственоста се исмева! Се смета за непожелна и штетна!

И поради сето ова, верата станува теоретска, а Божјата љубов е неделателна во животите на луѓето. За многумина, добродетелниот живот станува недостижен. Богослужењето станува без содржина. Се изведуваат само ритуали, на пагански начин. Духовниот живот, каков што Црквата го предава, се маргинализира, станува безначаен. Во современата свест, монаштвото се сфаќа како пиетизам, фундаментализам, а монасите се радикали што се борат со општеството и современието, пропаднати егоисти и невротици!

Духот на блудот ги слабее душите кои веќе не се способни, ниту пак сакаат, да се потрудат и да пазат макар една заповед. Заповедите се товар, а Бог - невозможен! Сочувствителноста изумира, верата е истребена, љубовта е изневерна. Човек што пази барем една од заповедите, денес како да е маченик.

И така, „бегајте од блудот" (1Кор. 6,18). Ако целомудрието е семе на животот, тогаш блудот е семе на смртта. Ако целомудрието е темел на сите добродетели, тогаш блудот е темел на сите гревови!

*Пеколните маки на блудниците, фреска.*



ПОУКА

# КАКО ДА ГО НАУЧАМ МОЕТО ДЕТЕ ДА СЕ МОЛИ?

Презвитер Андреј Чиженко



Прво, неопходно е да знаеме и да сфатиме дека децата не се возрасни луѓе. Нивниот светоглед во голема мера се разликува од светогледот на возрасните. Возрасните искусиле многу нешта во овој живот. Фигуративно кажано, паднале многупати, станале многупати. Децата животот го гледаат во светли бои. Светот е огромен и чудесен и непознат. Секој ден и секоја секунда тие се како Кристофер Колумбо - пловат за да ја откријат нивната Америка.

Од друга страна, децата се многу различни од нас, гледано интелектуално, психолошки и физички. Возрасниот човек е искусен, но умот веќе му е прегазен и зафатен со проблеми. Детскиот ум е многу поостар; тој е како сунѓер кој впива информации и уште побрзо го обработува. Возрасните се поотпорни и потрпеливи; децата се импулсивни, брзоплети и поемотивни, но брзо се заморуваат. Така на пример, како што им е познато на учителите, активната состојба на примечивост на учениците од седум до десетгодишна возраст за време на часовите не е подолга од петнаесет минути. „Да се стави" повеќе знаење во нивните глави е бесмислено. Нема да го прифатат. Како правило, учителите тогаш треба да ја сменат активноста - од умствена во физичка (на пример, гимнастика). После пет-десет минути на физички вежби, децата се повторно спремни за учење.

Треба да знаеме и дека децата и тинејџерите се различни, и дека тоа што е интересно за еден петогодишник нема да го привлече третоодделенецот, а она што е интересно за третоодделенецот, нема да биде забавно за деветтоодделенецот. Секоја возрасна група има потреба од посебно

прилагоден пристап согласно умствените, емотивните и хормонско-физиолошките обележја на нејзиниот развој.

Православната Црква, како и кога станува збор за воспитувањето деца, така и во случајот на нивно учење на молитва, го нуди методот на „златната средина“. Не треба премногу да ги разгалуваме децата, да попуштаме пред нивните слабости и страсти во зародиш, но не вреди ни да ги воспитуваме со прекумерна строгост и крутост, за да не ги скршиме и огорчиме, па да се повлечат од секаква лекција што треба да ја научат. Вакво нешто, на пример, му се случило на Чехов. Татко му го терал малиот Андон да пее во црковниот хор, работата дошла до ќотек. На крај, Андон Павлович Чехов изградил еден сложен однос кон религијата. Насилството, без разлика дали е физичко или психичко, никогаш не довело до нешто добро. Мора да сме свесни за главната вистина на педагогијата: децата многу повеќе впиваат од тоа како се однесуваме во животот, и го копираат нашето однесување, отколку кога им зборуваме. Тука гледаме потврда на принципот: „Верата без дела е мртва“ (Јк. 2,26). Детето ја премерува нашата вера преку нашите дела и испитува колку тие соодветствуваат со нашите зборови.

А молитвеното дело најдобро е да го започнеме со објаснување. Не смее на детето да му наметнеме некаква крута наредба: „Велат дека треба да се молиш, и моли се!“, „Да си прочитал од овде до овде, и сè дури не завршиш, нема да излезеш надвор!“ - не. Бог не го сака насилството. Напротив, треба да им објасниме, водени од опитот на Црквата, Светите отци и нашите животи, зошто е потребно да се молиме. Кој е Господ? Зошто не може да Го видиме? Зошто Тој ги слуша нашите молитви? Важно е да одговориме на детските прашања, да се прилагодиме на неговиот светоглед, дури и во молитвата. Јас поучувам во црковното неделно училиште. Верувајте ми, децата имаат многу прашања за верата, и честопати нивните прашања се неочекувани и многу интересни.

На пример, можеби е доволно децата од предучилишна возраст да ги научиме како правилно да се прекрстат, да им објасниме што значи крстот и како треба да ги целиваме иконите. Во некои случаи, доволно е само да ги донесеме в црква, да им покажеме икона, и да им речеме: „Ова е Бог“. Оттука натаму започнува нивниот личен пат кон Бога. Треба и да ги научиме да носат крсно синџирче на градите. Како свештеник знам дека потребно е децата почесто да се носат в црква, за да не бидат исплашени од тоа колку „чудна“ е црквата, или колку чудно (за светот) изгледа свештеникот.

Децата, исто така, треба да се научат на скратен облик на молитвено правило, за да не се исцрпат, туку напро-



*Св. Димитриј ги поучува децата, илустрација.*

тив, во нив да се разбуди интерес за молитва и внимание за молитвените зборови. Добро е да се молиме со нив, за после тоа да им одговориме на нивните прашања.

Така, на пример, утринското или вечерното молитвено правило за децата може да се состои од воведните молитви, односно: од „Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух. Амин.“ до „Оче наш“. Може да се додаде и молитва кон Светиот Ангел Чувар и Пресвета Богородица, или светителот според кого е крстено детето, и тоа е доволно. Во овој случај важно е правилото: помалку е повеќе. Децата нека читаат помалку молитви, но со срдечно внимание, наместо повеќе молитви, но со напрегнатост и иритираност. Како што растат, молитвеното правило може и да се продолжи, но не сè одеднаш, туку полека и постепено.

Убаво е да научите некоја молива напамет, како песничка, заедно со детето. На пример, Господовата молитва, која е главната христијанска молитва. Тогаш, исто така, треба да им го објасните секој стих од молитвата. Може да научат и кратки молитви кон Ангелот-чувар, Пресветата или светителот според кого се крстени, или на пример, да се научат пред и после учење да ја кажуваат „Цару Небесен“. Само не ги преоптеретувајте.

Со најстариот син или ќерка може да го анализирате Символот на верата, и да се обидете да го запомните. Сепак, во него се собрани главните догми на православната вера.

Секако, браќа и сестри, може да бидете и малку построги во воспитувањето на вашите деца, доволно за да можат да се научат да го почитуваат вашиот авторитет. Но, ова мора да го направите со љубов, без гнев и нервоза. Општо земено, ништо во животот не треба да правиме со гнев и злоба. Ништо добро не може да излезе од тоа. Подобро е човек да замолчи, да се повлече, да се помоли, смири, па дури и да побара прошка, и дури отпосле да почне со некое дело.

Свештениците честопати го слушаат ова: „Кога беше мало, детето ми одеше во црква, но сега порасна и веќе не оди.“ Мора да сфатиме дека адолесцентите и тинејџерите минуваат низ многу тежок период. Тоа е време кога им се развива личноста и карактерот, кога ги преиспитуваат авторитетите, време на сексуален развој. Затоа, честопати им е потребен простор за да ја изградат својата иднина. Во вакви те случаи, родителите и бабите и дедовците можат да помогнат преку најважната работа - молејќи се за нив, давајќи им добри совети, но не со наметнување или авторитаризам. Оставете го вашиот тинејџер да поработи на своите проблеми, и да знае дека вие, неговите родители, сте тука за него во тешките моменти, ако му треба помош или совет.

Наша задача е да се молиме, да бидеме трпеливи, да чекаме и пред децата да дадеме добар пример на богоугоден живот. И верувајте, во одреден момент тие ќе ѝ се вратат на Црквата - свесно, зрело и засекогаш.

Ова го знам од моето искуство. Јас, на пример, го срцето го чувам овој спомен: имам три години, а мојата прапрабаба ме води во една голема, сјајна црква, па ме доведе до сјајната Чаша, а свештеникот во златна облека ме причести... Овој спомен беше со мене низ мојата младост, и подоцна ми помогна да го направам правиот избор. Вашите синови и ќерки ќе чекорат низ нивните лични животи, а вие ќе знаете дека основата положена во нивните души е вистинска. Ќе паѓаат и ќе ги прават истите грешки што и вие сте ги правеле, но тоа ќе бидат нивни грешки. И ќе станат, и ќе продолжат. Но во нив, во тајното сокровиште на срцето, ќе сјае ѕвездата на православието, што ќе ги води низ животот.

Единствено обидете се, уште додека се мали, со Божја помош, во срцето да им ја вградите љубовта кон молитвата. Животот е патување што несомнено нè води кон Бога.

# Тројцата мудреци и ѕвездата



СО ПОМОШ НА БОИЧКИ ИЛИ ФЛОМАСТЕРИ
ОБОЈ ГО ЦРТЕЖОТ СО ТРОЈЦАТА МУДРЕЦИ

Многу одамна, во времето кога Исус Христос требало да се роди, во една многу далечна земја си живееле тројца старци кои биле многу мудри. Овие тројца мудреци времето го поминувале проучувајќи ги ѕвездите што ноќе сјаеле на небото. Една вечер, и тројцата виделе една ѕвезда која светела појасно и посилно од другите. Тогаш, бидејќи биле мудри, сфатиле дека тоа мора да е нешто многу посебно. Се сетиле дека во старите свети книги што ги читале било запишано дека еден голем Цар и Спасител ќе се роди. И така, си помислиле дека оваа сјајна ѕвезда е порака до нив, дека големиот Цар се родил.

Тројцата мудреци веднаш посакале да појдат и да му се поклонат на новороденото Бебе. Ги натовариле камилите, и тргнале на пат кон Бебето. Не заборавиле да земат и подароци за Бебето Христос. Дење јавале на камилите, а ноќе се одмарале и гледале во небото. И секоја ноќ светлата ѕвезда им го покажувала патот по кој требале да одат.

Многу дни ја следеле ѕвездата. На крај, пристигнале во светиот град Ерусалим. „Каде треба да се роди Царот што Бог ни го вети?", ги прашувале жителите на овој град. „Каде е Спасителот Кому сакаме да Му се поклониме? Ја видовме ѕвездата што го најави Неговото раѓање."

Штом лошиот цар Ирод го слушнал ова, многу се загрижил. Не сакал некој друг да дојде на неговиот престол – ги сакал парите, славата и убавите облеки што како цар ги носел. Брзо-брзо ги повикал најучените луѓе од Ерусалим и ги прашал каде треба, според Божјото ветување, да се роди Спасителот и Царот. А тие му одговориле: „Во нашите книги е напишано дека Спасителот ќе се роди во Витлеем."

Тогаш Ирод ги повикал тројцата мудреци и им рекол: „Појдете во Витлеем и побарајте Го Детето. Веднаш кога ќе Го најдете, кажете ми, за и јас да дојдам и да Му се поклонам." Но, тој лажел дека сака да Му се поклони. О, не, тој сакал да Го убие Детето, ете толку лош бил!

Но, мудреците го послушале и заминале за Витлеем, сѐ уште следејќи ја ѕвездата. Штом пристигнале во Витлеем, ѕвездата престанала да патува по небото, и застанала над една мала куќичка, каде што било родено Детето. Мудреците многу се беа израдувале. Ете, тука бил крајот на нивниот долг пат! Тука ќе Го најдат Детето Кое Бог им Го објави! Радосни, влегле во куќарката, и виделе како една млада мајка, Марија, Го држи своето Бебе, Исус, во рацете. Тие со восхит паднале на колена, и Му се поклониле на Младенецот. Не заборавиле и на подароците што ги беа понеле со нив.

Откако Му се поклониле на Новородениот Цар, планирале да се вратат во Ерусалим. Но, Бог им подарил сон во кој ги посоветувал да не одат кај Ирод, туку по друг пат да се вратат дома. Мудреците така и направиле.

Злобниот Ирод чекал и чекал, но нив ги немало. Кога на крај разбрал дека му избегале, многу се налутил. Но, бидејќи сакал да Го убие Бебето Исус, а не знаел каде точно живее, ги викнал своите војници и им наредил да одат во Витлеем и да ги убијат сите машки бебиња помали од 2 години. За среќа, пред да стигнат војниците во Витлеем, ангел ги предупредил возрасните што се грижеа за Исус, и сите побегнале во Египет. Таму останаа сѐ додека не било безбедно да се вратат назад.

# ОД ЕПАРХИСКОТО ИЗДАВАШТВО




РОМАН НА ГОДИНАТА
ЗА 2012

ПРОДАДЕНИ НАД ДВА
МИЛИОНИ ПРИМЕРОЦИ ШИРУМ
СВЕТОТ И ДОПОЛНИТЕЛНИ
ЧЕТИРИ МИЛИОНИ
ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИМЕРОЦИ

БЕСТСЕЛЕР ПРЕВЕДЕН НА
АНГЛИСКИ, ГЕРМАНСКИ,
ФРАНЦУСКИ, ШПАНСКИ,
ИТАЛИЈАНСКИ, РОМАНСКИ,
КИНЕСКИ, ГРЧКИ, СРПСКИ И
ПОЛСКИ ЈАЗИК













## СИТЕ КНИГИ

www.koe.mk/izdavastvo/

## НАРАЧКИ

www.koe.mk/naracki/
kontakt@koe.mk



Радувај се, благодатна Богородице Дево, зашто
од тебе засветли Сонцето на правдата - Христос
нашиот Бог, Кој ги просветлува оние што се во
темнина. Весели се и ти, старче праведен, зашто
во прегратките си Го примил Ослободителот
на душите наши, Кој ни дарува воскресение.

*Тропар на Сретение Господово*

www.koe.mk